Годишна акциска програма за 2017 година –Поддршка од ЕУ за образование, вработување и социјална политика- ИПА II

# Подобрување на условите за работа

**Contract No: 12 - 9539/1**

## Извештај за анализа

Анализа на моменталната состојба во РСМ на повреди при работа и професионални ризици и болести во земјоделскиот сектор и предлог за насочени мерки за намалување на стапката на несреќи со посебен фокус на непријавените работници

c

**(Активност 1.7)**

***Подготвила**: проф. Јасмина Чалоска, **СНКЕ** 11*

***Потпомогнато од:** Лиене Маурите, тим лидер на проектот*

Скопје, ноември 2023

Проектот е финансиран од Европската Унија

Проект што го спроведува Архидата и нејзините партнери во конзорциумот

***Забелешка***

*Содржината на овој извештај е единствено одговорност на Архидата с.р.л. и на нејзините партнери во конзорциумот и на никој начин не може да се смета дека ги отсликува гледиштата на Европската Унија.*

# Содржина

*ИЗВРШНО РЕЗИМЕ* ... 5

*ВОВЕД* ... 6

*1. КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА* ... 7

*2. СИТУАЦИОНА АНАЛИЗА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР* ... 8

**A. Законска и институционална рамка** ... 8

**B. Анализа на резултатите од истражувањето** ... 13

*3. ПРЕПОРАКИ* ... 22

**A. Препораки за политики со проценка на нивното влијание врз правната рамка во РСМ** 22

**B. Препораки за работодавачите, работниците и другите засегнати институции** ... 24

**C. Мерки за намалување на стапката на повреди и професионални болести** ... 26

*ЗАКЛУЧОК* ... 28

*Референци* ... 30

*Анекси* ... 32

**Анекс 1: Листа на чинители и засегнати страни во секторот** ... 32

**Анекс 2: Преглед на легислативата и податоци во областа** ... 32

**Анекс 3: Список на одржани состаноци** ... 34

**Анекс 4: Прашалник** ... 37

**Анекс 5: Прашалник за анализа на состојбата за безбедност и здравје во земјоделието** 39

Список на акроними

| | |
|---|---|
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **Сл. весник на РМ или РСМ** | Службен весник на Република Македонија или на Република Северна Македонија |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **БЗР** | Безбедност и здравје при работа |
| **Закон за БЗР** | Закон за безбедност и здравје при работа |
| **Закон за ЗРР** | Законот за земјоделство и рурален развој |
| **АПРЗ** | Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| **АФПЗРР** | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ИПАРД** | Инструментот за претпристапна помош за рурален развој |
| **ДИТ** | Државен инспекторат за труд |
| **ДИЗ** | Државен инспекторат за земјоделство |
| **Закон за ПИО** | Закон за пензиско и инвалидско осигурување |
| **ЕРЗС** | Единствен регистар на земјоделски стопанства |
| **ИСР** | Институт за сточарство и рибарство |
| **НФФ** | Национална федерација на фармери |
| **МЗЗПР** | Македонско здружение за заштита при работа |
| **ИМТ** | Институт за медицина на труд |
| **ИЈЗ** | Институт за јавно здравје |
| **ЛЗО** | Лична заштитна опрема |
| **ИЗ** | Индивидуален земјоделец |
| **ЗИ** | Земјоделски институт |
| **ФЗНХ** | Факултет за земјоделски науки и храна |
| **МФ** | Машински факултет |
| **ЗБЗР** | Здруженија на стручни лица за БЗ |
| **ЗЗФ** | Здруженија на земјоделци и фармери |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во рамките на програмата: IPA Action Programme 2017, Action 4, Activity 3.7 and 3.8, и проектот: "Подобрување на работните услови", предвидена е активноста 1.7 **Анализа на моменталната состојба во РСМ на повреди при работа и професионални ризици и болести во земјоделскиот сектор и предлог за насочени мерки за намалување на стапката на несреќи со посебен фокус на непријавените работници**.

Активноста е предвидена и во Акцискиот план за безбедност и здравје при работа за период од 2021-2023 година, согласно Националната стратегија за безбедност и здравје при работа 2021-2025, како стратешка цел која се однесува на јакнење и унапредување на способноста за одговор на системите на БЗР на постоечки и новонастанати ризици.

За реализација на активноста извршена е идентификација на сите засегнати страни, институции, здруженија, земјоделски стопанства и компании, со цел да се претстави реалната моментална состојба во дејноста. Прегледот на законската легислатива е направен со фокус на можностите за вклучување на земјоделските работници во системот за безбедност и здравје при работа, со цел превенирање и намалување на повредите и професионалните заболувања кај земјоделците.

Реализирани се средби и интервјуа со засегнати страни и главни чинители во дејноста земјоделство, кои ги креираат, спроведуваат и контролираат политиките во оваа област. Во соработка со Земјоделскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје, спроведена е анкета со прашалници за земјоделските работници од сите гранки, со цел да се направи увид на реалните состојби и мислењето на директните учесници во работните процеси. Анализата на добиените одговори е составен дел на овој извештај.

Врз основа на добиената слика од реализираните средби, интервјуа и обработени анкетни прашалници, како и анализата на постоечката легислатива во областа на земјоделството и безбедноста и здравје при работа, дадени се препораки за промени во легислативата, препораки за работодавачите, работниците и засегнатите институции, со цел да се подобрат работните услови во насока на зголемување на безбедноста и заштита на здравјето на работниците кои извршуваат земјоделски активности.

# ВОВЕД

Земјоделството во Република Северна Македонија поради погодните почвени терени, нивниот состав, благата клима и води, овозможува разновидно земјоделско производство, според полјоделските култури и видови на добиток.  Како дејност, земјоделството во 2021 година учествува со 7,2% од БДП. Бројот на вработени во секторот земјоделство, лов, шумарство и рибарство во период од 2020 до 2022 година, според податоците на Државниот завод за статистика опаѓа од 95 545 на 69 143, или за 26.6%. Сепак, и покрај намалувањето на бројот на вработени во секторот, нивното учество во вкупното активно население во 2022 година изнесува 10% [1].

Според Стратешкиот план на Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделието за период од 2023-2025 година, вкупниот број на земјоделски стопанства изнесува 178 125, од кои 177 845 се од индивидуалниот сектор, а само 280 се деловни субјекти. [7]

Моменталната состојба според Единствениот регистар на земјоделски стопанства на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е вкупно 131 519 едидентирани земјоделски стопанства.

Работниците во земјоделството работат на отворено, изложени на разни временски услови и атмосферски влијанија, како и специфични ризици.  Извршувањето на работните активности во земјоделството значи сезонска работа, ниско ниво на организација, работа со стара и небезбедна земјоделска механизација, изложеност на пестициди, можност од зарази (зоонози и сл.), нефизиолошка положба на телото, рачно кревање товар и др. Подобрувањето на условите за работа во земјоделскиот сектор, со зголемување на безбедноста при работа, бара многу грижа и поддршка, со користење на специфични знаења и системски пристап во надзорот и контролните процедури.

Покрај ризиците поврзани со спецификите на работните активности и користење на опрема и средства за работа во земјоделството, работниците во овој сектор се соочуваат и со економско-социјални бариери, како што се: ниско ниво на образование, ниска свест за сопствената безбедност и заштита на здравјето, голем број на непријавени работници, користење на детски труд, плаќање во готово, немање статус на вработено лице, неможност на остварување на право на боледување и сл.

Безбедна и здрава работна средина за земјоделските работници е од суштинско значење за одржување на земјоделството како атрактивен сектор за работниците, а со тоа и за конкурентноста на секторот.

Поради тоа, неопходно е подигнување на свеста на земјоделските работници за значењето на безбедноста при работа, преку обуки и едукација, со кои ќе бидат опфатени специфичните ризици на кои се секојдневно изложени. Низ континуирана едукација за ризиците при работа, земјоделските работници ќе бидат запознаени со последиците по нивното здравје, но и со превентивните мерки кои треба да се преземат за да се намали, спречи или елиминира ризикот.

Во моментов, во РСМ областа на безбедноста и здравје при работа е регулирана согласно Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015, 30/2016 и 18/2020). Со оглед на фактот, што Законот се повикува на „работодавач“, истиот се применува со сите обврски и права, само во регистрираните правни субјекти кои извршуваат земјоделски активности. Индивидуалните земјоделци, бидејќи немаат работодавач тешко ги остварат своите права, но и обврски согласно Законот за БЗР. Сезонските работници, доколку се ангажирани во рамки на правен субјект, се опфатени со одредбите на Законот за БЗР. Мерките за безбедно работење и заштита на здравјето од ризици при работата, мора да важат за сите работници вклучени во земјоделските активности, независно од начинот на нивно ангажирање.

Поради тоа, анализата во легислативата е насочена кон вклучување на индивидуалните земјоделци и сезонски работници во системот за БЗР, преку задолжителни обуки и едукација, како и здравствени прегледи, кои не смеат да бидат на трошок на земјоделецот. Во анализата е земена предвид големата варијабилност на земјоделството како економски сектор, со разгледување на различните работни услови и изложеност на ризици при работа како и различните модели и практики на организација на работата во овој сектор.

# 1. КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Спроведената анализа е реализирана преку примарен и секундарен пристап во прибирање на информации. Примарниот пристап опфати прибирање на податоци од терен базиран на анкетирање на фокус групи по подготвен прашалник. Секундарните информации се добиени врз основа на анализа на законската рамка, правилници, стратегии, програми, извештаи, претходни истражувања и др. во областа на земјоделството и безбедност и здравје при работа.

Користената методологија за предвидената анализа содржи:

- идентификација на засегнати страни (Анекс 1);
- преглед на легислативата и податоци во областа (закони, правилници, стратегии, годишни планови, извештаи, претходни истражувања и др. - Анекс 2);
- креирање на листа на прашања (Анекс 3);
- организација на состаноци и интервјуа (Анекс 4);
- анкетен прашалник за земјоделските работници (Анекс 5);
- обработка и анализа на резултатите.

# 2. СИТУАЦИОНА АНАЛИЗА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ СЕКТОР

## А. Законска и институционална рамка

Основен закон со кој се уредуваат планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на националната земјоделска политика, следење и процена на националната земјоделска политика, партнерство со социјални и економски партнери од областа на земјоделството, мерките за уредување и поддршка на земјоделски пазари, директни плаќања и рурален развој, државната помош во земјоделството и руралниот развој, формите на организирање и здружување во земјоделството и контролата на спроведување на мерките и надзорот над нивно спроведување е **Законот за земјоделство и рурален развој. [2]**

Ресорно министерство за реализација на политиките е **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** кое ги врши работите што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството, користењето на земјоделското земјиште, шумите и другите природни богатства, ловот и риболовот, заштитата на растенијата од болести и штетници, спроведување на политиката во областа на безбедноста на храна и храната за животни и ветеринарното здравство како и следењето и проучувањето на состојбите со водите.

Согласно Законот за ЗРР, **земјоделски производител** е носителот на земјоделско стопанство или член на семејно земјоделско стопанство или лице кое е постојано или времено вработено на земјоделското стопанство и кое се занимава со земјоделска дејност.

Евиденцијата на земјоделските стопанства се врши преку Единствен регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) во МЗШВ, каде се води евиденција на сите правни лица и физички лица кои бараат остварување на правото за користење на средства, а се запишани во регистрите формирани согласно со законите од областа на земјоделството, сточарството, рибарството и аквакултурата, ветеринарството, безбедноста на храна и здравје и заштита на растенијата.

Надлежен орган за спроведување на мерките и инструментите на политиките на овој закон, вклучително и контролата, е **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,** основана во согласност со овој закон и Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.[26]

Покрај оваа агенција, **Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството** е одговорна институција која креира и реализира советодавни услуги за потребите на земјоделските стопанства во функција на практична примена на најсовремени научни и технички сознанија насочени според потребите на земјоделските работници. Советодавната улога (член 69 од ЗЗШВ) за развој на земјоделството е реализирана и

преку систем на советодавни услуги на земјоделците (Законот за советодавни услуги е во постапка).

**Советот за земјоделство и рурален развој** има улога на консултативен механизам за политики, планови и програми за развој на земјоделството и руралниот развој и дава мислење по однос на постигнати резултати од спроведувањето на мерките и инструментите за развој на земјоделството и руралниот развој, - обезбедува континуирана комуникација меѓу Министерството и социјалните и економските партнери кои се вклучени во спроведување на мерките и инструментите за развој на земјоделството и руралниот развој. **Во меѓуресорското тело за рурален развој членува и претставник од министерството за труд и социјална политика.**

За обележување е делот од Законот за ЗРР за обуки и информирање на земјоделските производители (член 66), каде се наведува помошта за обука на земјоделските производители која е наменета за организирање и одржување на професионална обука за стекнување вештини и информативни сесии за усовршување и оспособување на земјоделските производители, преку одржување на курсеви, семинари, предавања, посети на земјоделски и шумски стопанства, работилници и индивидуално учење, за различни области, меѓу кои и **заштита и здравје на луѓето.**

Покрај тоа, во делот на Законот за ЗРР, за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој (член 101), е предвидена техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој која е наменета за активности како: - **организирање и спроведување на програми за обука кои не се поддржуваат преку мерките за руралниот развој, како и за изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија**.

**Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027** година е основен стратешки документ кој содржи анализа на состојбите во областа на земјоделството, преработка на земјоделски производи и руралните средини, среднорочните насоки за развој и активностите за нивна реализација, очекуваните ефекти и потребните финансиски средства за спроведување на националната земјоделска политика.

Структурата на земјоделските стопанства останува неповолна и дуална, составена од мал број на големи земјоделски претпријатија и голем, преовладувачки број на многу мали семејни стопанства со ограничени производни капацитети. Деловните субјекти кои се само 0,2% од вкупниот број на земјоделски стопанства, имаат во просек над 100 пати поголеми ангажирани капацитети по земјоделско стопанство [3].

Во следниот стратешки период, во елементите кои треба да овозможат модернизација на националните политики, во рамките на новиот систем на знаење и иновации во земјоделството (СЗИЗ), ќе бидат реализирани следниве четири главни групи на активности кои треба да овозможат исполнување на предвидените цели во оваа област и тоа:

- Зголемување на протокот на знаење и зајакнување на врските помеѓу истражувањето и практиката
- Зајакнување на советодавните услуги за земјоделски производи во рамките на СЗИЗ
- Подобрување на интерактивната иновација преку Оперативните групи за земјоделски иновативни партнерства
- Поддршка на дигиталната транзиција во земјоделството и
- **Воведување на систем за задолжителни обуки и едукација во земјоделството.**

Заради подобрување на знаењата и квалификациите на земјоделските производители ќе се воведе систем за континуиран обуки и едукација во земјоделството. Системот ќе опфаќа обуки со утврден број на часови во зависност од типот на земјоделското производство за корисници на определни мерки на државна поддршка како услов за користење на мерките.

Обуките ќе бидат задолжителни и за корисници на финансиска поддршка на други таргетирани мерки во области каде е неопходно значајно подигање на нивото на знаење на земјоделците или за проблематики од посложен карактер, како на пример: надминување на состојбите на недоволен квалитет на производите и безбедноста на храната (млекопроизводството и сл), агроеколошките мерки и мерките поврзани со климатските промени.

Системот од регионално распределените центри за обука ќе ги вклучува средните стручни училишта, институтите и факултетите кои имаат земјоделски стопанства, и други субјекти кои ќе бидат овластени за спроведување на обуката после исполнување на законски пропишани критериуми. Типот на обуките по центри ќе се дефинира согласно застапеноста на соодветен вид на производство и број на корисници на дадени мерки на поддршка за кои е задолжителна обуката во регионите.

**Ваквата стратешка цел овозможува вклучување на обуките за БЗР како задолжителни обуки во системот на финансиска поддршка на земјоделските работници.** Покрај тоа, **Земјоделскиот советодавен систем** кој ги вклучува економските, еколошките и социјалните димензии во управувањето со земјоделските стопанства и земјиштето, треба да ја вклучи и областа на безбедност и здраје при работа. Услугите поддржани од државата треба да им помогнат на земјоделците и другите корисници на поддршка од националната земјоделска политика да станат посвесни за односот помеѓу управувањето со земјоделските стопанства, управувањето со земјиштето и за примената на одредени стандарди, особено оние за заштита на здравјето и животната средина. **Несомнено, неопходно е во системот на советодавни услуги да се вклучат и стручните лица за безбедност при работа кои би давале совети за превентивни мерки за спречување, намалување или елиминирање на ризиците при работа, со цел да се намалат повредите и професионалните заболувања кај земјоделците.**

Во однос на **користењето на пестициди**, предвидени се задолжителни обуки каде само обучени професионални корисници, дистрибутери и советници со сертификат како доказ

за посетуваната обука и положен испит, ќе можат да користат и да работат со пестициди. Исто така, ќе се утврдат системи за обука на надлежни институции одговорни за сертификација на опремата за апликација на фитофарматцевските средства. Користењете ќе биде овозможено само на опрема за професионална употреба која успешно го поминала контролното тестирање и која поседува сертификат за усогласеност.

Значаен аспект за да се обезбеди соодветна употреба на фитофарматцевските средства е и подигнување на свесноста на сите засегнати страни за значењето на правилната употреба на истите **во однос на заштита на здравјето на луѓето** и животните, како и заштита на животната средина.

**По примерот на овие задолжителни обуки за користење на пестицидите треба да се воведат и обуките за БЗР.**

**Националната програма за развој на земјоделството и рурарниот развој** (2023-2027) е плански и оперативен документ за спроведување на националната политика која ги поврзува стратешките документи на политиките, пред се Националната стратегија за земјоделство и рурален развој, со годишните оперативни планови и уредби за спроведување на земјоделските и рурални политики. [5]

Во инструменти на земјоделската политика , во точка 4 е даден континуиран пристап до знаењето и инвестирање во човечкиот капитал.

**Во начинот на спроведување на мерките за директни плаќања, постои услов за задолжително исполнување на стандардите на вкрстена сообразност, односно минимални барања за добра земјоделска пракса и заштита на животна средина како услов за стекнување на право за финансиска поддршка.**

**Во програмата за мерки за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор, економска одржливост и приход на земјоделските стопанства е предвидена обука и информирање на земјоделците како задолжителна обука за земјоделците и членови на земјоделските стопанства кои се корисници на определени мерки за финансиска поддршка.**

Работите на надзор од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата, ги врши **Државниот инспекторат за земјоделство**, како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во својата надлежност инспекторатот (член 11 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство) е овластен да врши инспекцисли надзор преку контрола и прегледи на земјоделското земјиште, производство и промет на производи, ѓубрива, кавалитет на храна, евиденција во областа, земјоделска механизација, опрема и простории, настанати полски штети, спроведување на добра земјоделска пракса и др. [27]

**Во описот на овластувањата на ДИЗ не постои контрола за спроведување на обврските согласно Законот за БЗР. Заштитата на здравјето е опфатена единствено според Законот за фитофармација, за пласман и одржлива употреба на пестицидите [11].**

**Министерството за труд и социјална политика** е ресорно министерство кое ги креира и реализира политиките од областа на безбедност и здравје при работа. Со **Законот за БЗР** се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравје при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки за безбедност и здравје при работа. И покрај тоа што одредбите на Законот за БЗР се применуваат во сите дејности на јавниот и приватниот сектор, за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести според прописите за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси, земјоделците кои не се во рамки на регистриран правен субјект се непрепознатливи во законот. **Имено, Законот за БЗР се повикува на обврски на работодавач и права и обврски на вработените, а дел од индивидуалните земјоделци немаат статус на вработени лица.**

**Државниот инспекторат за труд** врши инспекциски надзор над примената на законите и другите прописи за работни односи, вработување и заштита при работа и на колективните договори, договорите за работа и другите акти, со кои се уредуваат и остваруваат правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавците во областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа, како и инспекциски надзор над вршењето на нерегистрираната дејност. Во своите извештаи ДИТ регистрира повреди само кај вработени лица во регистрирани правни субјекти во областа на земјоделството.

Што се однесува до **земјоделската механизација**, согласно **Законот за возила** [16], во член 47 се пропишани системите, составните делови, самостојни технички единици и опрема која во исправна состојба мора да ја поседуваат трактори кои се употребуваат надвор од сообраќајот на патиштата. Во Законот се дефинирани задолжителна регистрација на трактор или тракторска приколка со предвидени рокови за технички прегледи во зависност од масата и типот на механизацијата. Инспекцискиот надзор над спроведување на одредбите на овој закон и неговите прописи вршат **Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот инспекторат за шумарство** во однос на барањата кои треба да ги исполнуваат тракторите надвор од сообраќајот на патиштата, при извршување на земјоделски и шумски работи, додека за регулацијата при нивно учество на регионални и магистрални патишта е надлежно МВР.

Во **Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата** [15], е наведено дека по автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, не смеат да се движат мотокултиватори, трактори, запрежни возила и добиток.

Иако постојат законски регулативи со кои се забранува движење на земјоделска механизација по регионалните и магистрални патишта и во деталните урбанистички планови се предвидени колски патишта за таа намена, тие практично не постојат. Тие патишта односно дел од нив, се узурпирани од земјоделците чии површини граничат со нив. Затоа земјоделците и понатаму ги користат регионалните и магистрални патишта. Во таа насока, потребно е надлежните институции кои имаат ингеренции да ја регулираат оваа проблематика да преземат соодветни мерки за ослободување на узурпираните површини кои го оневозможуваат нормалниот транспорт на земјоделската механизација и регулација на сообраќајниот режим, за да не доаѓа до несакани последици (препорака-Анекс 7)

Трактор во сообраќајот на пат, може да управува лице кое има важечка возачка дозвола од категориите „Б“, „БЕ“, „Ц1“, „Ц1Е“, „Ц“, „ЦЕ“, „Д1“, „Д1Е“, „Д“ и „ДЕ“ и националната категорија „Ф“ со наполнети 16 години возраст.

Со трактор што влече приклучно возило во кое се врши превоз на лица може да управува само возач кој има најмалку три години возачка дозвола која дава право за управување со трактор.

Сепак и покрај регулативата, секојдневно сме сведоци дека се случуваат многу несреќи со трактор и тракторски приколки, пред се поради непочитување на прописите и недоволна контрола.

**Министерството за здравство** е одговорно за здравствената заштита и здравствено осигурување на населението, преку следење и грижа за здравствената состојба на граѓаните. Преку **Националната годишна програма за јавно здравје**, секоја година се реализираат здрвствени прегледи на земјоделците во руралните средини, при што се опфатени евидентираните индивидуални земјоделци.

Активностите на **Институтот за медицина на трудот** на Република Северна Македонија, Скопје – Колаборативен центар на СЗО во рамките на оваа програма имаат за цел оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците со посебен осврт на влијанието на климатските промени и феноменот на топлотните бранови.

## B. Анализа на резултатите од истражувањето

Истражувањето на состојбите во земјоделството во областа на БЗР и анализата на резултатите се реализирани согласно утврдена методологија ( поглавје 2).

По идентификацијата на главните засегнати страни во дејноста (Анекс 1) и преглед на легислативата и постоечките извештаи, програми и претходни истражувања (Анекс 2), се пристапи кон креирање на листа на клучни прашања (Анекс 3) и организација на работни состаноци со идентификуваните чинители (Анекс 4). Реализирани се 17 работни состаноци и интервјуирани 38 претставници на институциите и здруженијата.

Покрај тоа,  во соработка со Земјоделскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализиран е анкетен прашалник на вкупно 134 испитаници од различни земјоделски гранки. Структурата на испитаниците по пол и возраст е дадена на слика 3.1.







***Сл.3.1*** *Структура на испитаниците по пол и возраст*

Евидентна е застапеноста на машкиот пол, но сепак учеството на жените во земјоделските активности не е за занемарување.

Со учество од само 35%, диспаритетот на вработеноста на жените во однос на мажите во руралните средини останува значителен и е поголем од оној во урбаните средини каде учеството е поизбалансирано и изнесува 43%.[3] Високиот процент на рурални жени кои не се активни на пазарот на труд произлегува од нивниот ангажман во домот, како што е грижа за деца, грижа за постари лица и други домашни обврски кои претставуваат неплатена работа. Дури и кога работниот труд на жената е платен, тие заработуваат само 33% од она што го заработуваат мажите во истиот сектор.

Пристапот до ресурси и можности за економско и социјално зајакнување помеѓу мажите и жените во руралните средини е ограничен, па така, бројот на жени-носители на стопанствата во рамките на вкупниот број земјоделци изнесува само 10,4%, а само 12,01% од жените се сопственици на земјиште со ниско учество во процесот на донесување одлуки релевантни за производствените активности. Поради неповолната позиција на жените како удел во работната сила и во однос на приходите во семејството, младите жени во руралните области најчесто не ја гледаат својата иднина во земјоделство и се подготвени да останат во руралните области само ако се во можност да добијат друг тип на вработување. Се проценува дека околу 30% од земјоделците или член на земјоделско домаќинство се самовработени, вработени во производството или во јавниот сектор. Вработувањето или самовработувањето надвор од земјоделството е во трговија, градежништво или услугите. Поголемиот дел од руралните жени се вработени во текстилниот сектор. [3] За обележување е тоа што жените во земјоделството со статус на осигуреник -индивидуален земјоделец остваруваат право на користење на надоместок за мајчинство според Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат

земјоделска дејност за 2023 година [20], исплата која се врши преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

На дијаграмот на слика 3.2 се дадени опфатените земјоделски гранки во анкетата. Фокус групите се спроведоа во Источниот регион (Берово, Кочани, Штип, Виница и Делчево), Југоисточниот регион, Југозападниот, Пелагонискиот, Полошкиот регион, Скопски и Вардарски регион.




***Сл. 3.2** Структура на земјоделски гранки опфатени со анкетата*

Водејќи се од главната цел на проектната активност, фокусот на разговорите со сите засегнати страни беше како да се подобри моменталната состојба во дејноста за имплементација на системот за БЗР, но и да се дефинираат насоки и препораки кои ќе ја зголемат безбедноста при работа и ќе ги намалат повредите и професионалните болести и болести во врска со работата.

Земјоделските стопанства кои се регистрирани како правни субјекти ги имаат сите обврски и права согласно Законот за БЗР ( задолжителни обуки за БЗР, проценка на ризик на работните места, задолжителни здравствени прегледи, испитување на опремата за работа, испитување на изложеност на хемиски, физички и биолошки штетности, пријава на повреди и др.) кои мора да ги реализираат за сите свои вработени вклучително и сезонски работници. За разлика од правните субјекти, физичките лица со семејна земјоделска дејност (примарна и секундарна) се непрепознатливи во легислативата за сите работи од областа на БЗР. Поради тоа, фокусот на истражувањето ќе биде токму кон оваа категорија на земјоделски работници.

Надзорот над имплементираните системи за БЗР во правните субјекти во земјоделството го врши Државниот инспекторат за труд. Повредите кои се случуваат во правните субјекти се пријавуваат во ДИТ, за што се води уредна евиденција. Иако, согласно законската легислатива, регистрацијата на повредите треба да ја води ИЈЗ,

достапни податоци за повредите има само до 2020 година. На дијаграмот на слика 3.3 се прикажани пријавените повреди согласно податоците од ИЈЗ и ДИТ.




***Сл.3.3*** *Број на повреди во стопанска дејност -земјоделство и рибарство*

Податоците на дијаграмот на слика 3.3 до 2020 година се преземени од ИЈЗ, додека за 2022 година се според евиденцијата на ДИТ. ДИТ од 2022 година започнува во своите шестмесечни извештаи да дава преглед на повредите според дејност и тежина на повреда, што е од исклучително значење за индикатори за превенирање на повредите. Трендот за период од 2020-2022 покажува повеќекратно зголемување на повредите, а за обележување е дека во периодот од јуни до декември во 2022 година, во дејноста земјоделство се случила една колективна повреда и една повреда со смртни последици.

На дијаграмот на слика 3.4 е прикажана процентуалната застапеност на повредите во земјоделството во однос на вкупниот број пријавени повреди. Евидентен е порастот на процентуалната застапеност на повредите во земјоделството во однос на вкупниот број на повреди, за 2022 година (согласно евиденцијата на ДИТ).




***Сл.3.4*** *Процентуална застапеност на повредите во земјоделството во однос на вкупен број регистрирани повреди*

Сепак, бројот на повреди е многу поголем од пријавените. Индивидуалните земјоделци при повреда на работа, ги посетуваат своите матични лекари, кои не ги пријавуваат повредите како повреди при работа. Иако тие имаат здравствено осигурување, дополнителен проблем претставува неможноста за боледување, поради тоа што тие немаат статус на вработено лице. На дијаграмот на слика 3.5 се прикажани одговорите од спроведената анкета, што покажува дека 42% од испитаниците се повредиле на работа, додека 23% од нив биле спречени да работат повеќе од 3 работни денови, што укажува на потешки повреди.




***Сл. 3.5*** *Процентуални одговори на испитаниците на прашања за повредите*

Од вкупниот број на испитаници 23% се невработени лица (слика 3.6), што укажува на неоходноста од решавање на статусот на индивидуалните земјоделци како вработено лице.




***Сл.3.6*** *Процент на испитаниците како невработени лица*

Зајакнувањето на свеста за значењето на БЗР, изложеноста на ризиците при работа и нивното влијание на здравјето на земјоделските работници, е од клучно значење за подобрување на состојбите во насока на намалување на повреди и професионални болести, како и зголемување на продуктивноста во земјоделието. Обуките за БЗР се во основата на секој систем за БЗР и во секоја дејност. На слика 3.7 е прикажано дека 67%

од испитаницит немале обука за ризиците на кои се изложени при работата, додека 57% од нив, одговориле дека немаат обука за користење на средствата и опремата за работа.

Што се однесува до земјоделската механизација, која многу често е причина за повреди и со смртни последици ( повреди од трактори), корисниците на земјоделска механизација добиена преку ИПАРД програмата, имаат задолжителна обука од производителот на опремата. Повредите со земјоделска механизација, особено при управување на трактор, се регистрираат како сообраќајни незгоди во МВР и не се регистрираат како повреда на работно место.







***Сл.3.7*** *Процентуални одговори за обуки во БЗР*

Согласно Законот за фитофармација, секој професионален корисник, советник и диструбутер е обврзан со задолжителна обука и полагање за стекнување на знаења од фитофармација. Сепак и покрај тоа, само 66% од испитаниците одговориле дека се запознати со штетното влијание на пестицидите.

Корисниците при употребата на фитофармацевтските производи мораат да користат соодветни средства за лична заштита и посебни заштитни средства и опрема за апликација во согласност со етикетата или решението за одобрување/авторизација, зависно од производот и методите на апликација (член 50, алинеа 7 од ЗФФ).

Но, и покрај законската обврска, 27% од испитаниците одговориле дека не користат или делумно користат ЛЗО ( слика 3.8). Причината е најчесто во незнаењето за штетните влијанија по здравјето, но и поради ниската свест и неинформираност.







***Сл.3.8*** *Приказ на одговори за штетни влијанија на пестицидите и користење на ЛЗО*

Отсуството на обуки за запознавање на ИЗ со ризиците на работното место и нивно влијание на здравјето, како и со мерките за отстранување, намалување или спречување на ризикот доведува до повреди, професионални болести и болести во врска со работата, кои во значителна мерка ја намалуваат работоспособноста на земјоделските работници и продуктивноста на работењето. Сепак, одговорите на анкетираните испитаници ( 96%) укажуваат на свесноста за потреба од обуки во областа на БЗР (слика 3.9).

Испитаниците кои одговориле позитивно на прашањето за обуки за ризиците при работа (слика 3.7) најчесто присуствувале на обуки во рамките на задолжителните обуки за БЗР како вработени во правен субјект или во рамките на одредени програми на здруженијата. Во РСМ постојат граѓански здруженија, организирани во различни фокус групи кои преку своите програми и активности се залагаат за подобрување на состојбите во секторот и остварување на правата на земјоделците.

**Националната федерација на фармери** е здружение кое преку здружување, организација, соодветна едукација на земјоделците и други фактори кои влијаат врз развојот на македонското земјоделство се залага за профитабилно земјоделство и организиран фармер лидер во земјоделскиот и рурален развој во земјата. Реализирани се низа проекти на различни теми кои непосредно ги засегаат земјоделските работници, но и вклучување на лицата со попреченост во земјоделски активности, платформа за женско претприемиштво во земјоделието, on-line продажба и др.

Од граѓанските здруженија, **Македонското здружение за заштита при работа** има реализирано повеќе проекти во земјоделието (Ефективност на мерките за БЗР во земјоделството во РСМ, ноември 2022), води неформална евиденција за повредите во земјоделието, издава прирачници и водичи за БЗР кај земјоделците и др.







***Сл.3.9** Одговори на испитаниците за потреба од обуки за БЗР*

Обуките за БЗР, мора да бидат предвидени, планирани и организирани од Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството, институција одговорна за едукација, обуки и информирање на земјоделските работници. Обуките за БЗР, мора да се реализираат преку стручни лица за безбедност при работа од овластени правни субјекти за вршење на работи од областа на БЗР.




*Сл. 3.10 Форми на обука за БЗР најприфатлива за земјоделските работници*

Како форма на **обука**, испитаниците во анкетата се изјасниле дека најприфатлива за нив е обуката со презентација на предавач со практични обуки (слика 3.10).

Многу често, земјоделската механизација ја употребуваат деца или лица без возачка дозвола. За учеството на децата во земјоделските активности, испитаниците се изјасниле 58% позитивно (слика 3.11).




*Сл. 3.11 Учество на детски труд во земјоделството*

Несомнено е неопходна редовна и зголемена контрола на патиштата, особено во период на интензивни земјоделски активности.

Систематските **здравствени прегледи** се задолжителни за секое вработено лице и работодавачот согласно Законот за БЗР е должен да обезбеди здравствени прегледи за вработените во одреден временски рок, но не подолг од 24 месеци. Здравствените прегледи се реализираат во овластена здравствена установа од медицина на труд, со која работодавачот мора да склучи договор. Повторно се појавува проблем кај ИЗ кои немаат работодавач. Тие се оставени сами на себеси, па најчесто здравствените прегледи не се реализираат или се реализираат според одредени програми.

Таква е Националната годишна програма за јавно здравје на РСМ [12], каде ИМТ е вклучен како реализатор за оценка на здравствената состојба и работната способност кај земјоделците со посебен осврт на влијанието на климатските промени и феноменот на топлотните бранови, која се реализира во континуитет од 2009-2022 година.

Предвидените активности во рамките на Програмата се спроведуваaа најчесто во периодот април-септември, во соработка со локалната самоуправа од соодветните општини и месни заедници кои ги покриваат избраните рурални населени места во РСМ. Во периодот 2009-2022 година, со програмските активности беа опфатени **околу 8000 земјоделци**, со епидемиолошка анкета и здравствено промотивна активност, додека клиничките прегледи беа спроведени кај околу **2200 лица** на возраст од 18-84 години (по случаен избор), од повеќе рурални населени места на територија на РСМ.

Со Програмата беа опфатени лицата кои живеат во селата во околината на Скопје (Визбегово, Стајковци, Марино, Мралино, Илинден, Соње, Црешево, Булачани, Јурумлери, Идризово, Миладиновци, Текија, Бујковци и др.), Куманово (Лопате, Добрашане, Тромеѓа, Младо Нагоричане и др.), Крива Паланка (Гиновци, Петралица, Дреново и др.), Прилеп (Кривогаштани, Големо Коњари, Мало Коњари, Пешталево и др.), Струмица (Босилево, Дабиле, Ново Село и др.), Валандово (Јосифово), Велес (Иванковци), Кавадарци (Дреново), Тетово (Јегуновце) и Свети Николе (Ерџелија, Кадрифаково и др.), Кичево, Струга.

# 3. ПРЕПОРАКИ

## A. Препораки за политики со проценка на нивното влијание врз правната рамка во РСМ

**Ратификацијата на Конвенцијата за безбедност и здравје во земјоделството C184/2001**, ќе придонесе кон нормативно регулирање и поефективна имплементација на системите за БЗР во земјоделскиот сектор.

Одредбите на **Законот за БЗ**Р се применуваат во сите дејности на јавниот и приватниот сектор, за сите лица осигурани од повреда на работно место или професионални болести според прописите на пензиско, инвалидско и здравствено осигурување и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси (член 2, став 1 од Законот за БЗР).

Ваквата широка одредба на Законот за БЗР ги опфаќа сите работници вклучени во работните процеси.

Согласно член 2 став 1 од ЗБЗР, законот се применува во сите ДЕЈНОСТИ од јавен и приватен сектор.

Согласно член 1 од **Законот за земјоделска дејност** - земјоделието е предвидено како ДЕЈНОСТ. Токму во овој закон во член 7 став 1 е предвидено дека земјоделска дејност може да врши и ФИЗИЧКО ЛИЦЕ.

Согласно ова, одредбите за БЗР треба да важат и за индивидуалните земјоделци со оглед на фактот дека и во член 2 од ЗБЗР е предвидено дека Законот важи „и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси", а неспорно е дека индивидуалното земјоделство е работен процес.

Од друга страна пак, со Законот за БЗР се утврдуваат мерките за БЗР, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на БЗР, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки за БЗР (член 1 од Законот за БЗР).

Правните субјекти од областа на земјоделството секако се вклучени во одредбите на Законот за БЗР, и истите мораат да ги задоволат сите барања на законот. Но проблем се ИЗ каде е потешко да се организираат обуки, проценки на ризик, мерења, здравствени прегледи и др.

Од прегледот на законската легислатива, може да се заклучи дека земјоделските работници се опфатени во системот на БЗР, но сепак поради нивна непрепознатливост, недостасува имплементацијата и реализацијата на превентивните мерки за БЗР за ИЗ.

Потребна е јасна идентификација и на оваа категорија на работници, која треба да се предвиди во одредбите на новиот Закон за БЗР, кој е во подготовка.

Потребно е да се директно да се вклучи земјоделството и сите категории на земјоделски работници во **Законот за БЗР**, со дефинирани права и обврски кои произлегуваат од мерките за БЗР.

Поради тоа што ИЗ немаат работодавач или не се вработени лица, задолжителните работи за БЗР кои произлегуваат од Законот за БЗР да ги превземе **Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството**, која согласно легислативата во оваа област е одговорна за едукација и информирање на земјоделските работници, но и за заштита на здравјето и животот на луѓето при извршување на земјоделски активности (предвидено во Стратешкиот план на АПРЗ).

**Обврските согласно Законот за БЗР се задолжителни и треба да бидат предвидени во законската легислатива, програмите и буџетот на МЗШВ.**
**Покрај тоа, потребно е да се формираат посебни фондови кои овие процеси ќе ги направат апликативни и на оваа група на работници (препорака -Анекс 6).**

**За полесна реализација на правата и обврските на ИЗ, потребно е да се изработи регистар на ИЗ во РСМ.**
Кога станува збор за употреба на пестициди и заштита при употреба на истите, листата на дозволени препарати за заштита на растенијата, треба да биде редовно ажурирана, обновувана и јавно и транспарентно објавена и истакната ( препорака – Анекс 7).

**Задолжителноста на обуките и здравствените прегледи на ИЗ треба да се поврзе преку апликацијата за добивање на субвенции, и истите да се вклучат во критериумите за добивање на субвенции.**

Покрај тоа, стручните лица за БР треба да се вклучат во **советодавните услуги** на МЗШВ ( Закон за советодавнио услуги е во постапка), како професионални и едуцирани лица за вршење на работи од областа на БЗР, кои со својата советодавната улога ќе придонесат до зголемување на свеста кај земјоделските работници за превенирање на ризиците при работа, а со тоа и до намалување на повредите и професионалните болести. Само безбеден и здрав земјоделец може да биде и продуктивен земјоделец.

Надлежноста за надзорот над спроведените активности во областа на БЗР во земјоделството треба да ја преземе ДИЗ, како институција која е задолжена за контрола и преглед над работите поврзани со земјоделските активности. Тие се секојдневно најблиску во контакт со земјоделските работници и најдобри познавачи на реалните состојби. Покрај тоа, трудовите инспекторати традиционално се ограничени на урбаните средини [14]. Постојат големи разлики помеѓу бројот на инспектори во урбаните и рурални средини.

Конвенцијата бр. 129, за трудова инспекција (во земјоделство) предвидува различни начини на кои може да се врши трудова инспекција во земјоделството, меѓу кои и поединечен оддел кој преку специјализирана обука на инспекторите во земјоделството ќе овозможи практицирање на оваа нивна функција [19].

Поради тоа, потребно е во **Законот за државниот инспекторат за земјоделство**, во делот каде се дадени надлежностите на инпекторите (член 11), да се вклучи и надзорот над работите во областа на БЗР.

**За реална реализација на мерките за БЗР во земјоделството неопходна е добра институционална соработка, пред се на двете ресорни министерства, МТСП и МЗШВ.**

## В. Препораки за работодавачите, работниците и другите засегнати институции

За **работадавачите** во секторот земјоделство важат сите одредби согласно Законот за БЗР. Сепак, евиденцијата на повреди во секторот (извештај на ДИТ за 2022 година), укажува на недоволна посветеност на работодавачите во одржување и подобрување на системите за БЗР.

Потребна е континуирана едукација на работодавачите кои работат во деловните субјекти во земјоделството, кои по примерот на стручните лица за БР, треба да посетуваат обуки за управување со системите за БЗР во насока на нивна одржливост и континуирано подобрување.

Правата и обрските на **вработените** во деловните субјекти во дејноста земјоделство, произлегуваат од правата и обврските на вработените согласно Законот за БЗР. Тие мора да се грижат за сопствената безбедност и здравје и безбедноста и здравјето на другите вработени, кои работат со нив или се засегнати од нивните активности, а во согласност со обуките и инструкциите дадени од работодавачот, да бидат запознаени со мерките за безбедност и здравје при работа  и обучени за нивна примена.

Обврските и правата на работодавачите и вработените, согласно Законот за БЗР се задолжителни и не смее да бидат на товар на вработените (член 16 од Законот за БЗР). Работодавачот мора да обезбеди обуки, проценка на ризик на работно место и изјава за безбедност, повремени прегледи и испитувања на работната средина и опрема, следење на здравствената состоја на вработените и др.

Доколку задолжителноста на обуките за БЗР на ИЗ е поврзана со апликацијата за добивање на субвенции, (по примерот на задолжителни обуки за употреба на пестицидите), успешно завршена обука за БЗР треба да се вклучи во критериумите за добивање на субвенции.
Подигање на свеста кај членовите на семејствата кои се занимаваат со земјоделска дејност е со запознавање за ризиците поврзани со работата во неформалниот сектор,

важноста од почитување на упатствата за безбедност и здравје при работа, образование и обука за БЗР на возрасните и на децата кои работат во неформалниот сектор, фокусирајќи се на теми како што се безбедносните процедури, употребата на алатки и машини и превенција од несреќи и болести поврзани со работата (препорака-Анекс 6).

Практичниот дел на обуките мора да опфати правилно користење на ЛЗО ( таму каде е неоходна), правилно користење на средствата и опремата за работа (пестициди, механизација, алати...), рачно кревање товар, заштита и прва помош при укасаници од вектори, влечуги и други животни, зоонози, заштита од изложеност на екстремни температури и работа на отворено, работа на височина и др. согласно подготвена програма зависно од работните активности на земјоделските работници. **Обуките за БЗР не смеат да бидат на товар на ИЗ, а со нив треба да бидат опфатени ИЗ со примарна и секундарна дејност.**

**Проценката на ризик** е основа на системот на БЗР, која согласно Законот за БЗР секој работодавач е обврзан да ја спроведе на секое работно место. Потешкотија претставува како да се реализира проценката на ризик кај ИЗ кои работат на поседите сами или заедно со членови на семејството, во различни услови, различни работни активности, користејќи различни средства и опрема за работа. Сепак, возможно е да се изработат проценки на ризик на фокусирани работни места, согласно работните активности и користени средства и опрема, кои можат во вид на печатени брошури да се дистрибуираат до ИЗ при реализација на обуките за БЗР.

Информирањето на ИЗ за ризиците при работа и превентивните мерки за отстранување, намалување или спречување на ризикот, треба да се реализира при изведба на обуките, преку изработени проценки на ризик за целно насочени работни активности и користени средства и опрема, во зависност од земјоделските активности.

**Здравствените прегледи** мора да бидат задолжителни и да се вклучат во критериумите за добивање на субвенции, но не смеат да бидат на товар на земјоделецот. Од интерес на државата е да се доделат финансиски средства на работоспособен земјоделец.

Потребна е широка кампања за заштита на здравјето на земјоделските работници и редовните здравствени прегледи преку локалната самоуправа и информирање на ИЗ за мрежата на овластени здравствени установи од медицина на труд (лоцирани во сите 8 региони), како би можеле да го реализираат здравствениот преглед во најблиската здравствена установа.

Здравствените прегледи треба да бидат организирани преку програма и план за секој регион, во период кога земјоделските активности се намалени (јануари-март).

ИМТ-Колаборативен центар на СЗО, треба да продолжи со својата кампања, преку Националната програма за јавно здравје на РСМ, со оценка на здравствената состојба и работна способност кај земјоделците.

Планот и програмата за обуки и здравствени прегледи на ИЗ треба да бидат реализирани преку АПРЗ.

Стручните работи од областа на БЗР, согласно утврдена програма мора да ги реализираат стручни лица за БР, со положен стручен испит во рамките на овластен правен субјект за вршење на стручни работи од областа на БЗР.

За вршење на надзорот во областа на БЗР за секторот земјоделство, потребно е кадровска реконструкција на ДИЗ, со едукација и обуки на инспекторите во земјоделство.

Поради чести повреди настанати со управување на трактори, неопходна е засилена контрола на МВР во период на интензивни земјоделски активности (летните месеци). Собирањето и истражувањето на податоци за инциденти, повреди и болести поврзани со работата меѓу членовите на семејствата кои работат во неформалниот сектор и спроведување на истражување за да се идентификуваат трендовите и факторите на ризик, можат да помогнат во концептирањето и обликувањето на политиките и практиките за БЗР во земјоделството (препорака-Анекс 6).

Пријавата на повредите и професионалните болести кај земјоделците треба да биде дел од интегриран систем за пријава на повреди и професионални заболувања, а надоместокот за професионални повреди и заболувања треба да важи за сите категории на земјоделски работници.

## C. Мерки за намалување на стапката на повреди и професионални болести

Мерките за подобрување на состојбите за БЗР во земјоделството и намалување на повредите, професионалните болести и болести во врска со работата, произлегуваат од препораките на МОТ [14], Конвенцијата за безбедност и здравје во земјоделството (C184 од 2001), националната регулатива и резултатите од спроведената анализата во истражувањето.

Во согласност со националното законодавство и практика, надлежните институции треба да преземат мерки за осигурување дека сите категории на земјоделци ги уживаат правата на безбедноста и здравје при работа.

Преземените мерки треба да овозможат вклучување на сите категории на земјоделски работници во системот за БЗР, кои се:

- Редовно одржување и континуирано подобрување на имплементираните системи за БЗР во деловните субјекти во земјоделството;

- Изготвување упатства, програми, соодветни материјали и совети  за изложеност на различни ризици (рачно кревање товар, нефизиолошка полжба на телото, изборот и употребата на хемикалиите, физички и биолошките штетности, употребата и одржувањето на личната заштитна опрема, безбедно користење и одржување на

механизација, алатки и уредите, работа на отворено, работа на височина, заштита на децата од опасни активности и др.);

- Обука за ИЗ според подготвена Програма и термин план, целно насочена во зависност од видот на земјоделските активности (полјоделство, сточарство, градинарство...), работна средина и користените средства и опрема за работа ( проширување на постоечките програми за развој со вклучување на БЗР);

- За ИЗ, спроведување на проценка на ризик на типизирани работни места според видот на земјоделските активности, работна средина и користените средства и опрема за работа;

- Стручните работи од областа на БЗР, мора да ги извршуваат стручни лица за БР со положен стручен испит и во рамките на овластен правен субјект за вршење на работи за БЗР, во соработка со советниците од АПРЗ;

- Обуките, проценката на ризик на работни места и здравствените прегледи мора да бидат задолжителни, но не смеат да бидат на трошок на земјоделските работници;

- Обврските кои произлегуваат од Законот за БЗР, потребно е да се вклучат во програмската политика на МЗШВ и за истите да се предвиди буџет;

- Организацијата и реализацијата на работите од областа на БЗР во секторот земјоделство, надлежна е АПРЗ (формирање на едукативен центар за БЗР);

- Вклучување на стручните лица за БР во советодавниот систем на МЗШВ;

- Потребно е воспоставување на мерки за постепено проширување на соодветните услуги за здравствена заштита на ИЗ;

- Вклучување на ИЗ во системот на осигурување преку воведување посебни програми или фондови за осигурување или преку приспособување на постоечките програми за социјално осигурување;

- Здравствените прегледи на ИЗ, како и промовирањето на мерките за заштита на здравјето, треба да се реализираат во месеци со намалени работни активности (јануари-март);

- Потребна е широка кампања со поддршка на локалната самоуправа, граѓанските здруженија во дејноста, синдикати, медиуми и сл., за информирање на ИЗ за местото и начинот на спроведување на здравствените прегледи;

- Постепено изготвување постапки за вклучување на ИЗ во постапките за регистрирање и известување за несреќите на работното место и професионалните заболувања;

- Воведување на систем за проширување на инспекциските служби во земјоделскиот сектор за работи од областа на БЗР (обуки и едукација);

- Зачестени контроли на ДИТ, ДИЗ и МВР во период на извршување на интензивни земјоделски активности (период мај-септември);

- Надлежните институции кои имаат ингеренции да ја регулираат проблематиката на користење на земјиште и предвидени колски патишта да преземат соодветни мерки за ослободување на узурпираните површини кои го оневозможуваат нормалниот транспорт на земјоделската механизација и регулација на сообраќајниот режим (препорака-Анекс 7);

- Неопходно е да се промовираат иницијативи за безбедност и здравје при работа во секторот на земјоделство, на организациите на работодавачи и работници;

- За реална реализација на мерките за БЗР во земјоделството, и намалување на повредите, неопходна е добра институционална соработка, пред се на двете ресорни министерства, МТСП и МЗШВ.

# ЗАКЛУЧОК

Земјодеслкиот сектор во глобални, но и национални рамки претставува стопанска гранка која диркетно или индиректно вработува голем број на работници, чиј ангажман може да биде постојан или привремен. Земјоделството е еден од трите најризични сектори за работа, како во индустријализираните земји, така и во земјите во развој.

Работниците во земјоделството имаат барем двојно поголем ризик од смрт на работното место во споредба со работниците во другите сектори. Според статистиката на МОТ, стапките на смртност во земјоделството остануваат високи во споредба со други сектори, каде стапките на смртоносни несреќи се намалиле. Милиони земјоделски работници сериозно се повредуваат во несреќи на работното место со земјоделски машини или се трујат со пестициди и други агрохемикалии. Покрај тоа, поради недоволно пријавување на смртни случаи, повреди и професионални заболувања во земјоделството, реалната слика за безбедноста и здравје при работа на земјоделските работници веројатно ќе биде полоша од она што го покажуваат официјалните статистики [14].

Иако националните политики и условите за работа многу се разликуваат од една до друга земја, ни во нашата земја ситуацијата не е подобра. Националната легислатива на РСМ во областа БЗР, преку Законот за БЗР го вклучува и земјоделскиот сектор.

Националната политика за безбедност и здравје за земјоделскиот сектор бара интегриран пристап кон:

- безбедност и здравје при работа (превенција и заштита);
- влијанието на средината кон здравјето (превенција и заштита);
- јавно здравје / примарна здравствена заштита (заштита и упатување);
- шеми за надоместок и социјална помош (заштита и рехабилитација);
- потреби од различни категории на земјоделски работници и проширување на опфатеноста до оние кои немаат социјална заштита и основни услуги;

- земјоделско производство; и
- политики за рурален развој. [14]

Причина за неефикасно спроведување на мерките за БЗР е недостаток на разбирање, едукација и обука на работодавачите и работниците во врска со ризиците при работа и нивната превенција, недостатокот на кадри во трудовата инспекција и инспекцијата во земјоделството, ниски нивоа на организација помеѓу земјоделските работници, како и меѓуинституционална несоработка.

Безбедноста и здравје при работа во земјоделството мора да се интегрира во политиките за развој со добро дефинирана стратегија.

Работните услови во земјоделството може значително да се подобрат на изводлив и ефикасен начин преку мерки за безбедност и здравје. Инвестирањето во безбедноста и здравјето при работа ќе обезбеди поголема работна продуктивност и намалување на повредите, професионалните заболувања и болести во врска со работата.

Извештајот дава преглед на состојбите со БЗР во земјоделството во РСМ, со цел да се идентификуваат основните слабости во системот и дава препораки до сите засегнати страни како да се подобрат состојбите во насока на превенција и намалување на бројот на повреди и професионални заболувања.

Со цел да се гарантира здрав и продуктивен земјоделец како основа за земјоделски развој во нашата земја, земјоделските работници и нивните фамилии треба да имаат пристап до безбедни работни и животни услови, здравствена и социјална заштита, а превенцијата и заштитата кои се интегрирани во националното законодавство, треба да бидат во согласност со тековните трендови  на меѓународно ниво.

# Референци


**[1]** Северна Македонија во бројки, Државен завод за статистика, 2023

**[2]** Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016 и 163/2016)

**[3]** Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 година

**[4]** Закон за сточарство (Службен весник на РМ бр.7/08...122/21)

**[5]** Национална програма за развој на земјоделството и руралниот развој за периодот 2023-2027 година

**[6]** Закон за земјоделски задруги (Сл.весник на РМ бр.23 од 14.02.2013 год., бр. 51 од 31.03.2015 год., бр.193 од 06.11.2015 год. и бр.39 од 29.02.2016 год.)

**[7]** Стратешки план на Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделието, период 2023-2025

**[8]** Стратешки план на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, период 2024-2026

**[9]** Анализа за состојбата на жените во земјоделските задруги, Скопје, 2020

**[10]** Годишен извештај на Национална федерација на фармери, Скопје, 2022

**[11]** Извештај за работа на Државен инспекторат за земјоделство за период јануари-јуни, 2023

**[12]** Национална годишна програма за јавно здравје во РСМ за 2022

**[13]** Правилник за одобрување на земјоделски и шумски трактори, Сл. весник на РМ, бр.134/2009

**[14]** Безбедност и здравје во земјоделството, МОТ, Меѓународна канцеларија на труд

**[15]** Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Сл. весник бр.226/15

**[16]** Закон за возила, Сл.весник бр.140/08...39/16

**[17]** Закон за ДИЗ, Сл.весник бр.172/16

**[18]** Закон за фитофармација, Сл.весник бр.302/20

**[19]** Конвенција C129, Трудова инспекција во земјоделството

**[20]** Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година, Сл.весник на РСМ, бр.31/23

**[21]** Закон за безбедност и здравје при работа, Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015, 30/2016 и 18/2020

**[22]** Закон за инспекција на труд, Сл.весник на РМ, бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015

**[23]** Ефективност на мерките за БЗР во земјоделството во РСМ, Флорозон, ноември 2022

**[24]** Одржување во земјоделството-Водич за безбедност и здравје, Европска агенција за безбедност и здравје при работа

**[25]** Прирачник за БЗР при работа кај земјоделците, Здружение Достоинствен работник, 2018

**[26]** Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сл.весник на РМ, бр. 72/2007
**[27]** Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, Сл. весник на РМ бр.172/16

# Анекси

## Анекс 1: Листа на чинители и засегнати страни во сектор земјоделство

| Институции/здруженија |
|---|
| Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство |
| Министерство за труд и социјална политика |
| Министерство за здравство |
| Државен инспекторат на труд |
| Државен инспекторат за земјоделство |
| Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| Институтот за јавно здравје |
| Институт за медицина на труд |
| Земјоделски институт |
| Институт за сточарство и рибарство |
| Факултет за земјоделски науки и храна |
| Национална федерација на фармери |
| Македонско здружение за заштита при работа |
| Македонско Здружение за безбедност и здравје при работа - „28-ми Април" |
| Здружение на инженери за заштита „Тутела" |
| Македонско здружение за медицина на труд |
| Агровојводина- Механизација |

## Анекс 2: Преглед на легислативата и податоци во областа

| | |
|---|---|
| **[1]** | Конвенцијата за безбедност и здравје во земјоделството C184/2001 |
| **[2]** | Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016 и 163/2016) |
| **[3]** | Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2021-2027 година |
| **[4]** | Закон за сточарство (Службен весник на РМ бр.7/08...122/21) |
| **[5]** | Национална програма за развој на земјоделството и руралниот развој за периодот 2023-2027 година |
| **[6]** | Закон за земјоделски задруги (Сл.весник на РМ бр.23 од 14.02.2013 год., бр. 51 од 31.03.2015 год., бр.193 од 06.11.2015 год. и бр.39 од 29.02.2016 год.) |
| **[7]** | Стратешки план на Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделието, период 2023-2025 |
| **[8]** | Стратешки план на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, период 2024-2026 |
| **[9]** | Анализа за состојбата на жените во земјоделските задруги, Скопје, 2020 |
| **[10]** | Годишен извештај на Национална федерација на фармери, Скопје, 2022 |

| | |
|---|---|
| **[11]** | Извештај за работа на Државен инспекторат за земјоделство за период јануари-јуни, 2023 |
| **[12]** | Национална годишна програма за јавно здравје во РСМ за 2022 |
| **[13]** | Правилник за одобрување на земјоделски и шумски трактори, Сл. весник на РМ, бр.134/2009 |
| **[14]** | Безбедност и здравје во земјоделството, МОТ, Меѓународна канцеларија на труд |
| **[15]** | Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Сл. весник бр.226/15 |
| **[16]** | Закон за возила, Сл.весник бр.140/08...39/16 |
| **[17]** | Закон за ДИЗ, Сл.весник бр.172/16 |
| **[18]** | Закон за фитофармација, Сл.весник бр.302/20 |
| **[19]** | Конвенција C129, Трудова инспекција во земјоделството |
| **[20]** | Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година, Сл.весник на РСМ, бр.31/23 |
| **[21]** | Закон за безбедност и здравје при работа, Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015, 30/2016 и 18/2020 |
| **[22]** | Закон за инспекција на труд, Сл.весник на РМ, бр. 35/1997, 29/2002, 36/2011, 164/2013, 44/2014, 33/2015 и 147/2015 |
| **[23]** | Ефективност на мерките за БЗР во земјоделството во РСМ, Флорозон, ноември 2022 |
| **[24]** | Одржување во земјоделството-Водич за безбедност и здравје, Европска агенција за безбедност и здравје при работа |
| **[25]** | Прирачник за БЗР при работа кај земјоделците, Здружение Достоинствен работник, 2018 |
| **[26]** | Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сл.весник на РМ, бр. 72/2007 |
| **[27]** | Законот за Државниот инспекторат за земјоделство, Сл. весник на РМ бр.172/16 |

## Анекс 3: Список на одржани состаноци

**06.09.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**<br>**Машински факултет** | Благој Рецовски<br>Мирослав Марковски<br>Антонио Камчевски<br>Оливера Симеонова |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**19.09.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**<br>**Земјоделски институт** | Виктор Ѓамовски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**20.09.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**<br>**Факултет за земјоделски науки и храна** | Билјана Кузмановска<br>Иле Цанев |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**21.09.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**<br>**Институт за сточарство и рибарство** | Елена Ефтимова<br>Никола Пациновски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**22.09.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Министерство за труд и социјална политика** | Дарко Дочински |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Лиене Маурите<br>Јасмина Чалоска |

**27.09.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Институт за медицина на труд** | Сашо Столески<br>Драгана Бислимовска<br>Јордан Минов |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**12.10.2023 г.**

| | |
|---|---|
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Боро Калевски<br>Гоце Георгиевски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**13.10.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Државен инспекторат за земјоделство** | Билјана Талеска |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**18.10.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството во Битола** | Мирјана Милинг<br>Зоран Бардакоски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**18.10.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Државен инспекторат за земјоделство во Битола** | Стевче Митревски<br>Богдан Стојановски |
| **Подрачна единица на МЗШВ во Битола** | Методија Илиевски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**19.10.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Македонска заедница за заштита при работа** | Петар Наумовски<br>Милан Петковски<br>Симончо Симоновски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**30.10.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Македонско Здружение за безбедност и здравје при работа - „28-ми Април”** | Благоја Богоевски<br>Александар Талевски<br>Теодора Андова |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**31.10.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Здружение на инженери за заштита при работа - ТУТЕЛА** | Владо Блажевски<br>Борче Стојчевски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**09.11.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Државен инспекторат на труд** | Весна Томовска<br>Грозданка Тилева<br>Горан Поповски<br>Тони Војнески |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**10.11.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** | Никица Бачовски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**14.11.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Национална федерација на фармери** | Васка Мојсовска<br>Стеван Орозовиќ |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**15.11.2023 г.**

| | |
|---|---|
| **Македонско здружение за медицина на труд** | Драган Мијакоски |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска |

**05.12.2023 г.** Презентација на предлог Извештајот за анализа и дискусија

| | |
|---|---|
| Министерство за труд и социјална политика | Дарко Дочински |
| Министерство за труд и социјална политика | Анкица Ивановска |
| Министерство за труд и социјална политика | Александра Славковска |
| Државен инспекторат за труд | Гроздранка Тилева |
| Синдикат за градежништво | Иван Пешевски |
| Здружение на инженери за заштита при работа – ТУТЕЛА/МТСП | Борче Стојчевски |
| EU Delegation | Rafael Nievergelt |
| ЕУ проект „Подобрување на условите за работа“ | Јасмина Чалоска<br>Лиене Маурите |

**06.12.2023 г. Презентација на Извештајот за анализа на IWC Project - завршен настан**

## Анекс 4: Прашалник

| Целна група: Институции, задруги, факултети, институти, здруженија.... | | |
|---|---|---|
| Бр. | Прашање | Целна група |
| 1 | Дали сте запознати со Законот за безбедност и здравје при работа и неговите основни одредби? | Сите (С) |
| 2 | Постои ли сегмент во вашето работење поврзан со безбедноста и здравјето при работа на земјоделците? | С |
| 3 | Дали имате сознанија за состојбата на безбедност и здравје при работа во земјоделието? | С |
| 4 | Дали сте запознати на кои ризици се изложени земјоделците при својата работа? | С |
| 5 | Дали вршите инспекциски надзор при пријава за повреда во земјоделието? | ДИТ, ДИЗ |
| 6 | Дали досега сте имале пријава за повреда при работа во земјоделието? | ДИТ, ДИЗ |
| 7 | Дали водите евиденција за повреди при работа во земјоделството? | ДИТ, ИЈЗ, ДИЗ |
| 8 | Кој ги пријавува повредите при работа во земјоделството? | ДИТ, ИЈЗ, ДИЗ |
| 9 | Дали издавате годишен извештај за повреди при работа вклучително и во земјоделството? | ДИТ, ИЈЗ |
| 10 | Дали и каде е јавно објавен извештајот за повреди при работа, вклучувајќи и повреди во земјоделието? | ДИТ, ИЈЗ |
| 11 | Каде сметате дека би требало да се регулира безбедноста и здравје при работа во земјоделието (национална легислатива)? | МТСП, МЗШВДИТ, ИЈЗ, ИМТ |
| 12 | До каде е процедурата за ратификацијата на Конвенцијата за БЗР во земјоделието? | МТСП |
| 13 | Дали сте организирале некоја обука за земјоделците за ризиците при работа? (користење на пестициди, ѓубрива, мускулоскелетни заболувања, работа на отворено, укасаници од вектори, змии и сл., користење на неиспитана опрема за работа и сл.) | ФЗНХ, ИЗ, АПРЗРР, ЗЗФ, ЗБЗР |
| 14 | Колку се земјоделците запознати со ризиците при работа, особено индивидуалните земјоделци? | С |
| 15 | Дали се земјоделците запознати со избор на соодветна ЛЗО? | С |
| 16 | Дали земјоделците користат соодветна ЛЗО? | С |
| 17 | Која е најдобрата форма за едукација и подигање на свеста за користење на ЛЗО кај земјоделците? | С |
| 18 | Дали водите регистар на повреди во земјоделието? | ИЈЗ |
| 19 | Дали земјоделската механизација подлежи на редовни технички прегледи? | ЗЗФ, МФ, АПРЗ |
| 20 | Каде го гледате решението на проблемот со чести незгоди при користење на трактори? | ДИЗ, ДИТ, ЗЗФ, ЗБЗР |
| 21 | Зошто земјоделците не ги регистрираат тракторите? | ДИЗ, АПРЗ, МФ |
| 22 | Дали зачестената контрола на регионалните и магистрални патишта во период на зачестени земјоделски активности ќе ја зголеми безбедноста? | ДИЗ, ДИТ, АПРЗ |
| 23 | Дали мислите дека обуките и здравствените прегледи на индивидуалните земјоделци треба да бидат задолжителни? | МЗШВ, МТСП, ДИЗ, АПРЗ, АФПЗРР, ДИТ |
| 24 | Кој и каде треба да пријави повреда при работа на индивидулен земјоделец? | ДИТ, ДИЗ, ИМТ, ИЈЗ |
| 25 | Дали е возможно обврската на задолжителни обуки за БЗР и здравствени прегледи да се поврзат со критериумите за добивање на субвенции? | МЗШВДИЗ, АПРЗ, АФПЗПП |
| 26 | Каде би требало да се направат измени во легислативата за вклучување на индивидуалните земјоделци во системот за БЗР? | МТСП, МЗШВ |

| | | |
|---|---|---|
| | | АПРЗ, АФПЗРР |
| 27 | Кои се најчестите професионални заболувања кај земјоделците? | ИМТ,<br>ИЈЗ |
| 28 | Како може да се подобри состојбата за здравствена заштита и осигурување на земјоделците? | МТСП,<br>МЗШВ<br>ИМТ<br>ИЈЗ |
| 29 | Кои програми за БЗР се предвидени во стратешкиот план за заштита на здравјето и животот на земјоделецот? | АПРЗ |
| 30 | Дали сметате дека воведувањето на задолжителни обуки и здравствени прегледи на земјоделците ќе ги намали повредите и професионалните заболувања кај земјоделците? | МТСП<br>МЗШВ<br>АПРЗ<br>ИМТ<br>ЗБЗР<br>ЗЗФ |

**Агенда:**

**С- Сите**

**М- Министерства**

МТСП Министерство за труд и социјална политика
МЗШВ Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Ф-Факултети**

ФЗНХ Факултет за земјоделски науки и храна
МФ Машински факултет

**И- Институти**

ЗИ Земјоделски институт
ИМТ Институт за медицина на труд
ИЈЗ Институт за јавно здравје
ИСР Институт за сточарство и рибарство

ДИТ Државен инспекторат за труд
ДИЗ Државен инспекторат за земјоделие

**З-Задруги и здруженија**

| | |
|---|---|
| ЗБЗР | Здруженија на стручни лица за БЗ |
| ЗЗФ | Здруженија на земјоделци и фармери |

**А-Агенции**

| | |
|---|---|
| АПРЗ | Агенција за поттикнување на развој во земјоделието |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството |

## Анекс 5: Прашалник за анализа на состојбата за безбедност и здравје во земјоделието

**ПРАШАЛНИК ЗА АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО**

**Прашалникот е анонимен, а одговорите ќе бидат користени за потребите на проектот за подобрување на работните услови во земјоделието. Одговорете со заокружување на редниот број пред избраниот одговор.**

**Пол:**

1. Машки  2. Женски

**Возраст:**

1. Од 15-18 години  2. Од 18-27 г.  3. Од 27-40 г.
4. Од 40-50 г.  5. Од 50-60 г.  6. Над 60 г.

**Работите на производи од:**

1. Зеленчук
2. Грозје и вино
3. Тутун и други индустриски култури
4. Житни култури
5. Овошје
6. Млеко, месо, несилки и јајца)
7. Мед
8. Цвеќе и украсни дрва

1. **Дали сте регистрирани како вршител на дејност (вие или некој член од семејството)?**

   1. Да  2. Не

2. **Дали сте регистрирани како невработено лице?**

   1. Да  2. Не

3. **.Дали сте осигурани?**

   1. Да  2. Не

4. **Дали Вашите деца помагаат во извршување на земјоделските работи?**

   1. Да  2. Не  3. Делумно

5. **Дали сте имале обука за ризиците при работа (работа на отворено и атмосферски влијанија, употреба на пестициди, нефизиолошка положба на телото, рачно кревање товар, неправилно товарање на приколки или друго...) и нивно влијание на вашето здравје?**

   1. Да  2. Не

6. **Дали сте имале обука за правилно користење на средствата и опремата за работа?**

   1. Да  2. Не

7. **Дали сте запознати со штетните влијанија на пестицидите по вашето здравје?**

1. Да 2. Не 3. Делумно

**8. Дали користите лична заштитна опрема при работењето ( маски, ракавици, очила и сл...)?**

1. Да 2. Не 3. Делумно

**9. Дали сте имале обука за користење на лична заштитна опрема соодветна на средствата кои ги користите?**

1. Да 2. Не

**10. Дали некогаш при работењето сте се повредиле?**

1. Да 2. Не

**11. Ако некогаш сте се повредиле при работа, дали повредата Ве спречила да работите повеќе од 3 работни дена?**

1. Да 2. Не

**12. Дали сте биле на систематски преглед во здравствена установа од медицина на труд?**

1. Да 2. Не

**13. Дали сметате дека е потребна обука за запознавање со ризиците при работа и нивното влијание на вашето здравје?**

1. Да 2. Не

**14. Која форма на обука за безбедност и здравје е најприфатлива за Вас?**

1. Обука со презентација на предавач
2. Практични обуки
3. Организирани средби на тема, со препораки, дискусии и размена на искуства
4. Обука преку филмувани препораки
5. Обука преку печатени прирачници

## Анекс 6: Коментари и препораки од Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР)

За да се опфатат поединечни семејства кои работат како земјоделски работници во неформалниот сектор, може да се спроведат неколку стратегии:

1. Подигање на свеста кај членовите на семејството за ризиците поврзани со работата во неформалниот сектор и важноста од почитување на упатствата за безбедност и здравје при работа (БЗР)
2. Образование и обука за БЗР и на возрасните и на децата кои работат во неформалниот сектор, фокусирајќи се на теми како што се безбедносните процедури, употребата на алатки и машини и превенција од несреќи и болести поврзани со работата. Ова би имало поголем успех доколку е интегриран елемент во формалното образование на децата од руралните делови на Македонија. (надоврзано на препораката од страна 22 од Анализата)
3. Усогласеност со регулативата со релевантните прописи и стандарди за БЗР во неформалниот сектор и спроведување редовни инспекции за да ги идентификуваат и да ги решат сите безбедносни опасности. Овде мора да се интервенира во делот на инспекцискиот надзор, поточно во проширување на ингеренциите на ДИТ
4. Пристап до здравствена заштита на членовите на семејството кои работат во неформалниот сектор имаат пристап до „систематските' прегледи, вклучително и медицински третман за повреди и болести поврзани со работата.
5. Спроведување на редовни проценки на ризик, вклучувајќи членови на семејството за да се идентификуваат потенцијалните опасности и да се спроведат мерки за управување и ублажување на овие ризици. За економски овие делови да бидат оправдани, мора да се посегне/да се формираат посебни фондови кои овие процеси ќе ги направат апликативни и на оваа група на работници. (надоврзано на препораката од страна 22 од Анализата) Во изготвувањето на Проценките на ризик мудро е да се размисли да се имплементира гроздов или генерички пристап, но за тоа се потребни дополнуваа кон постојната законска рамка.
6. Поддршка за малите фармери преку поддршка и ресурси, вклучително пристап до информации, обука и безбедносна опрема со пристапни цени, за да им помогнете да ја подобрат БЗР во нивните секојдневија. Повторно, соодветни фондови треба да се осмислат и да бидат раководени не од партиски војници, туку од професионалци од областа.(страна 22 од Анализата)
7. Собирање и истражување на податоци за инциденти, повреди и болести поврзани со работата меѓу членовите на семејството кои работат во неформалниот сектор и спровање на истражување за да ги идентификувате трендовите и факторите на ризик, кои можат да помогнат во концептирањето и обликувањето на политиките и практиките за БЗР во земјоделието.
8. Соработка со засегнатите страни како што се локалните власти, невладините организации и организациите во заедницата, за поддршка и зајакнување на напорите на семејствата кои работат во неформалниот сектор. Клучен дел е делот со социјалните партнери со акцент на синдикатот. (надоврзано на препораката од страна 23 од Анализата)

Голема благодараност до проф. Чалоска и нејзиниот тим за стокментата Анализа која дефинитивно ќе претставува сериозна основа за помрднување на нултата позиција во најкрвавиот дел на македонската заштита при работа - земјоделството.

## Анекс 7: Коментари и препораки од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ)

Во врска со вашето барање за доставување на коментари, видувања, предлози за подобрување на Извештајот, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) ги има следните коментари:

- Извештајот општо е сеопфатен и прифатлив со опсег на најголем број сегменти кои ја тангираат конкретната област,
- Согласни сме дека во легислативата потребно е да се вклучат индивидуалните земјоделци, сезонските работници како и здравствени прегледи кои не треба да се на трошок на земјоделците. Предвидените мерки за намалување на стапката на повреди и професионални болести се конкретни, добар е предлогот за задолжителноста на обуките и здравствените прегледи на ИЗ да се поврзе со апликацијата за добивање на субвенции. Во спроведувањето на обуките АПРЗ е предвидено да биде главен носител и истите да ги реализираат со утврдена програма и стручни лица со положен стручен испит од областа на БЗР. Програмата предвидено е да биде финансирана од ЗЗРР член 101 што значи 100% од прифатливите трошоци и сметаме дека реализацијата на истата ќе биде потполна.
- Во описот на овластувањата на инспекторите од ДИЗ не постои контрола за спроведување на обврските согласно законот за БЗР. Заштитата на здравјето е опфатено само со Законот за Фитофармација за пласман и одржлива употреба на пестицидите. ДИЗ треба да ја преземе оваа ингеренција, бидејќи има можност за чести и непосредни контакти со чинителите во земјоделскиот сектор,
- Кога станува збор за употреба на пестициди и заштита при употреба на истите, листата на дозволени препарати за заштита на растенијата, треба да биде редовно ажурирана, обновувана и јавно и транспарентно објавена и истакната. (Во моментот, таква нова листа не е објавена)
- Со законот за БЗР опфатени се индивидуалните земјоделци кои се регистрирани како правни лица согласно закон. Согласно препораките наведени во Извештајот, потребно е ова да биди проширено и на индивидуалните земјоделци – физички лица. Оттука произлегува прашањето: Дали може на некој начин да се реши и заштитата и безбедноста на здравјето на странските сезонски работници кои се ангажирани од семејните земјоделски стопанства – кои не се правни лица, имајќи во предвид дека со недостатокот на работна рака, семејните земјоделски стопанства ангажираат странски сезонски работници, кои во некои случаи остануваат во нашата земја и по неколку месеци (берба, резидба, пакување и сл.)
- Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата [15], е наведено дека по автопат, експресен пат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, не смеат да се движат мотокултиватори, трактори, запрежни возила и добиток. Иако постојат законски регулативи со кои се забранува движење на земјоделска механизација по регионалните и магистрални патишта и во деталните урбанистички планови се предвидени колски патишта за таа намена, тие практично не постојат. Тие патишта односно дел од нив, се узурпирани од земјоделците чии површини граничат со нив. Затоа земјоделците и понатаму ги користат регионалните и магистрални патишта. Во таа насока, потребно е надлежните институции кои имаат ингеренции да ја регулираат оваа проблематика да преземат соодветни мерки за ослободување на узурпираните површини кои го оневозможуваат нормалниот транспорт на земјоделската механизација и регулација на сообраќајниот режим, за да не доаѓа до несакани последици.

- Да се изработат квалитетни едукативни материјали, памфлети, флаери за обука на земјоделците од сите области на земјоделството-сточарство, поледелство, градинарство...
- Обуките на индивидуалните земјоделци да ги вршат советниците од АПРЗ, заедно со стручни лица од областа на БЗР,
- За успешно помината обука, земјоделците да добиваат документ - Потврда за посетена обука со важност од 5-10 години, која земјоделците ќе ја достават до МЗШВ.